# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на првиот квартал од 2014 година

јуни 2014 година

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, прв квартал од 2014 година

*Од јуни 2014 година, Народната банка на Република Македонија започнува со објавување на податоците од екстерните статистики (платен биланс, бруто надворешен долг и надворешни побарувања, меѓународна инвестициска позиција) изготвени според новите меѓународни стандарди, дефинирани во „Прирачникот за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција" (БПМ6 2009) и „Прирачникот за надворешен долг" (2013). Согласно со промените, изработена е ревидирана временска серија на податоци за бруто надворешниот долг и надворешните побарувања, според новите стандарди, од 2004 година наваму.*
*Подетални информации за направените методолошки промени можете да видите на следнава интернет-врска.*

**Бруто надворешниот долг** на крајот на првиот квартал од 2014 година изнесуваше 5.616,7 милиони евра и во однос на состојбата на крајот на претходниот квартал е зголемен за 406,6 милиони евра. Најголемиот дел од зголемувањето произлегува од зголемениот јавен долг, коешто речиси во целост произлегува од репо-трансакциите што ги извршува Народната банка на Република Македонија во рамки на управувањето со девизните резерви[1]. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг е зголемен за 102,3 милиони евра, од кои 68 милиони евра се заеми на корпоративниот сектор од поврзани субјекти. **Бруто надворешните побарувања** во првиот квартал на 2014 година бележат зголемување за 272,6 милиони евра. Најголемиот дел од порастот се должи на зголемените јавни побарувања и главно произлегува од растот на пласманите на Народната банка преку обратни репо-трансакции. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешните побарувања се пониски за 31,6 милиони евра. Со оглед на тоа дека најголемиот дел од промените кај надворешниот долг и надворешните побарувања произлегуваа од репо и обратните репо-трансакции на НБРМ, промената кај **нето надворешниот долг** во првиот квартал од 2014 година е помала, односно тој е зголемен за 134 милиони евра и изнесува 1.645,7 милиони евра. Во првиот квартал од 2014 година, негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** е зголемена за 164,5 милиони евра. Најголем придонес за кварталниот раст на негативната нето МИП има зголемувањето на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (134 милиони евра). Со тоа, на крајот на првиот квартал на 2014 година, негативната нето МИП достигна 4.759 милиони евра (59,4% од БДП), но најголемиот дел (84%) претставуваат нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 70% се врз основа на сопственички капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, прв квартал од 2014 година

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2013 | | 31.03.2014 | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **5.210,1** | **67,7** | **5.616,7** | **70,1** | **406,6** | **7,8** | **2,4** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***5.210,1*** | ***67,7*** | ***5.312,4*** | ***66,3*** | ***102,3*** | ***2,0*** | ***-1,4*** |
| Долгорочен долг | 3.993,8 | 51,9 | 3.941,6 | 49,2 | -52,3 | -1,3 | -2,7 |
| Краткорочен долг | 1.216,3 | 15,8 | 1.675,1 | 20,9 | 458,9 | 37,7 | 5,1 |
| Јавен долг | 2.172,4 | 28,2 | 2.506,7 | 31,3 | 334,3 | 15,4 | 3,1 |
| Приватен долг | 3.037,7 | 39,5 | 3.110,0 | 38,8 | 72,3 | 2,4 | -0,6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **3.698,4** | **48,0** | **3.971,1** | **49,6** | **272,6** | **7,4** | **1,5** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***3.698,4*** | ***48,0*** | ***3.666,8*** | ***45,8*** | ***-31,6*** | ***-0,9*** | ***-2,3*** |
| **Нето надворешен долг** | **1.511,6** | **19,63** | **1.645,6** | **20,5** | **133,9** | **8,9** | **0,9** |
| **МИП, нето** | **-4594,3** | **-59,7** | **-4758,9** | **-59,4** | **-164,6** | **3,6** | **0,3** |

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

По намалувањето во текот на втората половина на 2013 година, бруто надворешниот долг во првиот квартал на 2014 година забележа пораст од 407 милиони евра (или 7,8%) во однос на крајот на 2013 година и достигна 5.617 милиони евра, или 70,1% од проектираниот БДП за оваа година.




Извор: НБРМ.

Во првиот квартал на 2014 година дојде до пораст на учеството на јавниот бруто надворешен долг за 3 п.п. во структурата на вкупниот бруто-долг, но и натаму преовладува учеството на приватниот надворешен долг.




Извор: НБРМ.

И покрај зголеменото учество на краткорочниот долг (за 6,5 п.п.), рочната структура на бруто надворешниот долг и натаму е поволна.




Извор: НБРМ

Од аспект на секторската структура, најголемиот дел од бруто надворешниот долг произлегува од останатите сектори (главно нефинансиските трговски друштва), чиј долг на крајот на првиот квартал од 2014 година достигна 1.777 милиони евра, или 31,6% од вкупниот надворешен долг. По нив следува долгот на државата од 1.626 милиони евра и долгот кон поврзаните субјекти од 1.230 милиони евра (28,9% и 21,9% од вкупниот надворешен долг, соодветно).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел, или 73,4% од бруто надворешната задолженост на земјата е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити, со учество од 19,3%.




Извор: НБРМ.

Анализата на валутната структура на заемите, како најзастапен инструмент, покажува дека најголемиот дел од обврските на крајот на првиот квартал на 2014 година се во евра.




Извор: НБРМ.

Порастот на вкупниот бруто надворешен долг во првиот квартал на 2014 година во најголем дел произлегува од зголемениот јавен долг (за 334,3 милиони евра), при истовремен пораст и на приватниот долг (за 72,2 милиона евра).




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на јавниот надворешен долг речиси во целост се однесува на зголемените обврски на монетарната власт (централна банка) врз основа на репо-трансакции, во износ од 305 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Главен причинител за порастот на приватниот надворешен долг е меѓукомпанискиот долг, којшто бележи зголемување за 68 милиони евра (од тоа, трговските кредити за 47 милиони евра и заемите за 21 милион евра).




Извор: НБРМ.

Освен депозитните институции, коишто бележат мало намалување на задолженоста поради намалените краткорочни обврски врз основа на валути и депозити, кај сите други сектори евидентираме раст на задолженоста. Притоа, секторите „централна банка“ и „поврзани претпријатија“ се главните носители на растот на вкупната задолженост.




Извор: НБРМ.

По постојаното намалување во изминатите три квартали, бруто надворешните побарувања во првиот квартал на 2014 година забележаа пораст од 273 милиони евра (7,4%) и достигнаа 3.971 милион евра, или 49,6% од проектираниот БДП за оваа година.




Извор: НБРМ.

Во првиот квартал на 2014 година е забележано поместување во структурата на побарувањата за 2,6 п.п. во корист на јавните бруто надворешни побарувања, со што тие повторно надминуваат половина од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура, долгорочните побарувања забележаа намалување на учеството за 4,2 п.п. Од почетокот на 2013 година наваму, краткорочните побарувања немаат забележано најголемо учество во структурата на вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Носител на најголемиот дел од бруто надворешните побарувања е централната банка, со износ од 2.040 милиони евра, или 51,4% од вкупните побарувања. По нив следуваат побарувањата на останатите сектори (главно нефинансиските трговски друштва), во износ од 800 милиони евра, или 20,1% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Од аспект на инструментите, најголем дел од бруто надворешните побарувања се врз основа на должнички хартии од вредност (40,6%), трговски кредити и аванси (23%) и заеми (20%, коишто воедно бележат позабележителен квартален пораст на учеството, од 6,8 п.п.).




Извор: НБРМ

Најголемиот дел од порастот на вкупните бруто надворешни побарувања во првиот квартал на 2014 година се должи на зголемените јавни побарувања (за 238 милиони евра), што главно произлегува од растот на пласманите на централната банка преку обратни репо-трансакции.




Извор: НБРМ.

Приватните надворешни побарувања во првиот квартал на 2014 година забележаа мал раст (35 милиони евра), под влијание на зголемените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (главно врз основа на трговски кредити и аванси), како и заемите одобрени на поврзаните субјекти.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, главен двигател на кварталниот раст е централната банка.




Извор: НБРМ.

Поради поголемиот раст на бруто-долгот во однос на растот на бруто-побарувањата на земјата, нето надворешниот долг во првиот квартал од 2014 година е зголемен за 134 милиони евра (за 8,9%), со што достигна 1.646 милиони евра (20,5% од БДП).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел од нето-долгот (74,3%) е долг на приватниот сектор. Сепак, главен двигател на кварталниот раст е јавниот нето-долг, којшто се зголеми за 97 милиони евра, додека приватниот нето-долг се зголеми за 37 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на состојбите, освен централната банка, сите други сектори се нето-должници кон странство. Од нив, најголемиот нето-должник е државата, чијшто нето надворешен долг на 31.3.2014 година изнесува 1.582 милиона евра. Од аспект на движењата, најголем придонес за растот на нето-долгот имаат секторите „централна банка", (намалување на нето-побарувањата за 67,2 милиони евра) и „директно поврзани претпријатија" (зголемен нето-долг за 41,3 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во текот на првиот квартал на 2014 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 164,5 милиони евра (3,6%) во однос на крајот на 2013 година, достигнувајќи 4.759 милиони евра. Сепак, гледано преку релативниот показател, негативната нето МИП како процент од БДП бележи минимален пад (за 0,3 п.п.).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел (84%) од негативната нето МИП претставуваат нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 70% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот пораст на негативната нето МИП од 164,5 милиони евра произлегува од растот на обврските (465 милиони евра) којшто е поголем од растот на средствата (300 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, најголем придонес за кварталниот раст на негативната нето МИП имаат промените кај должничките инструменти (зголемување на нето-обврските за 134 милиони евра), надополнети со порастот и на нето-обврските кај сопственичките инструменти (за 30,6 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во структурата на сопственичките инструменти, пораст на нето-обврските е забележан кај сопственичкиот капитал, во рамки на директните инвестиции (за 59 милиони евра). Промената кај останатите инструменти делуваше во спротивна насока. Имено, кај инструментот „сопственички капитал", во рамки на портфолио-инвестициите, е забележано намалување на нето-обврските (за 13,8 милиони евра), при истовремен пораст на средствата во монетарно злато (за 15 милиони евра, поради ценовни и курсни промени).

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ

## Табела 1
## Бруто надворешен долг
(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174,0 | 198,8 | 195,8 | 134,0 | 198,7 | 188,5 | 190,8 | 182,5 | 168,4 | 158,7 | -9,7 | -5,8 |
| Должнички хартии од вредност | 133,3 | 277,3 | 258,9 | 202,5 | 293,8 | 153,6 | 154,6 | 157,8 | 152,4 | 165,6 | 13,1 | 8,6 |
| Заеми | 2.016,2 | 2.217,4 | 2.674,0 | 3.377,7 | 3.499,2 | 3.979,1 | 4.060,8 | 4.055,4 | 3.781,6 | 4.124,5 | 342,9 | 9,1 |
| Трговски кредити и аванси | 822,3 | 828,2 | 860,5 | 1.033,4 | 1.093,1 | 1.084,1 | 1.108,9 | 1.032,8 | 1.024,2 | 1.083,9 | 59,7 | 5,8 |
| Останати обврски | 149,2 | 187,0 | 40,1 | 20,7 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 0,0 | 0,0 |
| Специјални права на влечење | 9,2 | 71,7 | 76,4 | 78,3 | 76,7 | 76,9 | 75,4 | 74,4 | 73,2 | 73,7 | 0,5 | 0,7 |
| **Бруто надворешен долг** | **3.304,16** | **3.780,36** | **4.105,71** | **4.846,61** | **5.171,67** | **5.492,53** | **5.600,82** | **5.513,17** | **5.210,09** | **5.616,69** | **406,6** | **7,8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906,33 | 1.055,84 | 1.113,40 | 1.464,24 | 1.589,81 | 1.692,42 | 1.683,28 | 1.631,13 | 1.608,89 | 1.625,89 | 17,0 | 1,1 |
| Централна банка | 9,15 | 71,74 | 76,42 | 310,82 | 234,24 | 380,63 | 427,03 | 357,71 | 73,20 | 378,01 | 304,8 | 416,4 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384,07 | 468,22 | 578,78 | 564,75 | 618,82 | 626,23 | 666,15 | 635,59 | 609,34 | 606,05 | -3,3 | -0,5 |
| Останати сектори | 1.321,91 | 1.346,99 | 1.464,82 | 1.702,60 | 1.730,87 | 1.733,46 | 1.749,13 | 1.764,96 | 1.756,63 | 1.776,78 | 20,1 | 1,1 |
| Дирекни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 682,70 | 837,56 | 872,30 | 804,20 | 997,94 | 1.059,78 | 1.075,23 | 1.123,79 | 1.162,02 | 1.229,97 | 67,9 | 5,8 |
| **Бруто надворешен долг** | **3.304,16** | **3.780,36** | **4.105,71** | **4.846,61** | **5.171,67** | **5.492,53** | **5.600,82** | **5.513,17** | **5.210,09** | **5.616,69** | **406,6** | **7,8** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **49,17** | **56,40** | **58,18** | **64,86** | **69,39** | **71,33** | **72,74** | **71,60** | **67,66** | **70,10** | | ***2,4*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***3.304,16*** | ***3.780,36*** | ***4.105,71*** | ***4.614,08*** | ***5.014,10*** | ***5.188,80*** | ***5.249,16*** | ***5.229,84*** | ***5.210,09*** | ***5.312,40*** | ***102,3*** | ***2,0*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***49,17*** | ***56,40*** | ***58,18*** | ***61,75*** | ***67,27*** | ***67,39*** | ***68,17*** | ***67,92*** | ***67,66*** | ***66,31*** | | ***-1,4*** |
| Долгорочен долг | 2.141,58 | 2.538,11 | 2.958,84 | 3.450,58 | 3.677,54 | 3.858,61 | 3.868,71 | 3.977,84 | 3.993,84 | 3.941,56 | -52,3 | -1,3 |
| Краткорочен долг | 1.162,58 | 1.242,25 | 1.146,87 | 1.396,03 | 1.494,13 | 1.633,92 | 1.732,11 | 1.535,34 | 1.216,26 | 1.675,12 | 458,9 | 37,7 |
| Долгорочен долг% | 64,81 | 67,14 | 72,07 | 71,20 | 71,11 | 70,25 | 69,07 | 72,15 | 76,66 | 70,18 | | -6,5 |
| Краткорочен долг% | 35,19 | 32,86 | 27,93 | 28,80 | 28,89 | 29,75 | 30,93 | 27,85 | 23,34 | 29,82 | | 6,5 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31,87 | 37,87 | 41,93 | 46,18 | 49,34 | 50,11 | 50,24 | 51,66 | 51,87 | 49,20 | | -2,7 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17,30 | 18,53 | 16,25 | 18,68 | 20,05 | 21,22 | 22,49 | 19,94 | 15,80 | 20,91 | | 5,1 |
| **Јавен долг** | **1.109,94** | **1.324,87** | **1.424,82** | **2.061,11** | **2.162,13** | **2.466,91** | **2.513,16** | **2.472,83** | **2.172,35** | **2.506,70** | **334,3** | **15,4** |
| Држава | 906,33 | 1.055,84 | 1.113,40 | 1.464,24 | 1.589,81 | 1.692,42 | 1.683,28 | 1.631,13 | 1.608,89 | 1.625,89 | 17,0 | 1,1 |
| Централна банка | 9,15 | 71,74 | 76,42 | 310,82 | 234,24 | 380,63 | 427,03 | 357,71 | 73,20 | 378,01 | 304,8 | 416,4 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194,45 | 197,28 | 235,00 | 286,05 | 338,08 | 393,86 | 402,84 | 483,99 | 490,26 | 502,80 | 12,5 | 2,6 |
| **Приватен долг** | **2.194,23** | **2.455,49** | **2.680,90** | **2.785,50** | **3.009,54** | **3.025,62** | **3.087,66** | **3.040,35** | **3.037,74** | **3.109,99** | **72,3** | **2,4** |
| Јавен долг% | 33,59 | 35,05 | 34,70 | 42,53 | 41,81 | 44,91 | 44,87 | 44,85 | 41,70 | 44,63 | | 2,9 |
| Приватен долг% | 66,41 | 64,95 | 65,30 | 57,47 | 58,19 | 55,09 | 55,13 | 55,15 | 58,30 | 55,37 | | -2,9 |
| Јавен долг/БДП % | 16,52 | 19,77 | 20,19 | 27,58 | 29,01 | 32,04 | 32,64 | 32,11 | 28,21 | 31,29 | | 3,1 |
| Приватен долг/БДП % | 32,65 | 36,63 | 37,99 | 37,28 | 40,38 | 39,29 | 40,10 | 39,48 | 39,45 | 38,82 | | -0,6 |

Извор: НБРМ.
Напомена: Податоците за остварениот БДП за периодот до 2013 година се од кварталното соопштение на ДЗС од 14 март 2014 година.

Табела 2

## Бруто надворешни побарувања

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628,5 | 937,9 | 903,1 | 995,2 | 961,3 | 681,9 | 655,3 | 732,3 | 711,6 | 643,0 | -68,7 | -9,6 |
| Должнички хартии од вредност | 1.114,7 | 901,2 | 1.139,7 | 1.394,3 | 1.492,2 | 1.801,2 | 1.707,8 | 1.688,4 | 1.627,7 | 1.610,6 | -17,1 | -1,0 |
| Заеми | 66,2 | 133,7 | 271,1 | 561,2 | 629,1 | 815,6 | 834,0 | 760,6 | 489,4 | 797,1 | 307,7 | 62,9 |
| Трговски кредити и аванси | 551,1 | 490,4 | 640,7 | 779,4 | 788,8 | 815,2 | 859,3 | 847,4 | 866,4 | 916,6 | 50,2 | 5,8 |
| Останати обврски | 31,0 | 34,8 | 0,5 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | |
| Специјални права на влечење | 1,0 | 63,5 | 0,9 | 0,6 | 1,2 | 1,9 | 2,4 | 2,9 | 3,3 | 3,8 | 0,5 | 15,1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2.392,49** | **2.561,41** | **2.956,05** | **3.730,69** | **3.872,61** | **4.115,84** | **4.058,77** | **4.031,58** | **3.698,45** | **3.971,09** | **272,6** | **7,4** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0,00 | 0,00 | 45,60 | 46,80 | 45,94 | 47,23 | 46,30 | 44,74 | 43,94 | 44,02 | 0,1 | 0,2 |
| Централна банка | 1.361,55 | 1.429,81 | 1.482,84 | 2.034,91 | 2.053,82 | 2.261,52 | 2.200,79 | 2.133,18 | 1.802,66 | 2.040,26 | 237,6 | 13,2 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390,65 | 496,81 | 572,83 | 603,05 | 572,70 | 556,81 | 545,79 | 591,74 | 556,37 | 537,00 | -19,4 | -3,5 |
| Останати сектори | 507,00 | 440,22 | 571,84 | 722,31 | 712,79 | 726,92 | 764,82 | 757,51 | 772,40 | 800,12 | 27,7 | 3,6 |
| Дирекни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133,29 | 194,56 | 282,94 | 323,61 | 487,36 | 523,37 | 501,06 | 504,40 | 523,08 | 549,69 | 26,6 | 5,1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2.392,49** | **2.561,41** | **2.956,05** | **3.730,69** | **3.872,61** | **4.115,84** | **4.058,77** | **4.031,58** | **3.698,45** | **3.971,09** | **272,6** | **7,4** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35,60** | **38,21** | **41,89** | **49,92** | **51,96** | **53,45** | **52,71** | **52,36** | **48,03** | **49,56** | | ***1,5*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***2.392,49*** | ***2.561,41*** | ***2.956,05*** | ***3.497,63*** | ***3.736,55*** | ***3.811,86*** | ***3.696,34*** | ***3.747,73*** | ***3.698,45*** | ***3.666,81*** | ***-31,6*** | ***-0,9*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***35,60*** | ***38,21*** | ***41,89*** | ***46,81*** | ***50,13*** | ***49,50*** | ***48,00*** | ***48,67*** | ***48,03*** | ***45,77*** | | ***-2,3*** |
| Долгорочни побарувања | 1.199,21 | 1.087,90 | 1.352,64 | 1.655,28 | 1.898,65 | 2.255,19 | 2.146,20 | 2.132,32 | 2.086,89 | 2.074,78 | -12,1 | -0,6 |
| Краткорочни побарувања | 1.193,28 | 1.473,51 | 1.603,42 | 2.075,40 | 1.973,96 | 1.860,66 | 1.912,57 | 1.899,26 | 1.611,56 | 1.896,32 | 284,8 | 17,7 |
| Долгорочни побарувања% | 50,12 | 42,47 | 45,76 | 44,37 | 49,03 | 54,79 | 52,88 | 52,89 | 56,43 | 52,25 | | -4,2 |
| Краткорочни побарувања% | 49,88 | 57,53 | 54,24 | 55,63 | 50,97 | 45,21 | 47,12 | 47,11 | 43,57 | 47,75 | | 4,2 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17,85 | 16,23 | 19,17 | 22,15 | 25,47 | 29,29 | 27,87 | 27,69 | 27,10 | 25,90 | | -1,2 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17,76 | 21,98 | 22,72 | 27,77 | 26,48 | 24,16 | 24,84 | 24,67 | 20,93 | 23,67 | | 2,7 |
| **Јавни побарувања** | **1.361,55** | **1.429,81** | **1.528,44** | **2.081,72** | **2.099,76** | **2.308,75** | **2.247,09** | **2.177,92** | **1.846,60** | **2.084,28** | **237,7** | **12,9** |
| Држава | 0,00 | 0,00 | 45,60 | 46,80 | 45,94 | 47,23 | 46,30 | 44,74 | 43,94 | 44,02 | 0,1 | 0,2 |
| Централна банка | 1.361,55 | 1.429,81 | 1.482,84 | 2.034,91 | 2.053,82 | 2.261,52 | 2.200,79 | 2.133,18 | 1.802,66 | 2.040,26 | 237,6 | 13,2 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,0 | |
| **Приватен побарувања** | **1.030,94** | **1.131,60** | **1.427,61** | **1.648,97** | **1.772,86** | **1.807,10** | **1.811,68** | **1.853,66** | **1.851,85** | **1.886,81** | **35,0** | **1,9** |
| Јавни побарувања% | 56,91 | 55,82 | 51,71 | 55,80 | 54,22 | 56,09 | 55,36 | 54,02 | 49,93 | 52,49 | | 2,6 |
| Приватни побарувања% | 43,09 | 44,18 | 48,29 | 44,20 | 45,78 | 43,91 | 44,64 | 45,98 | 50,07 | 47,51 | | -2,6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20,26 | 21,33 | 21,66 | 27,86 | 28,17 | 29,98 | 29,18 | 28,28 | 23,98 | 26,01 | | 2,0 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15,34 | 16,88 | 20,23 | 22,07 | 23,79 | 23,47 | 23,53 | 24,07 | 24,05 | 23,55 | | -0,5 |

Извор: НБРМ.

Напомена: Податоците за остварениот БДП за периодот до 2013 година се од кварталното соопштение на ДЗС од 14 март 2014 година.

Табела 3

## Нето надворешен долг

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454,5 | -739,2 | -707,3 | -861,1 | -762,6 | -493,4 | -464,4 | -549,8 | -543,2 | -484,3 | 58,9 | -10,8 |
| Должнички хартии од вредност | -981,4 | -623,9 | -880,8 | -1.191,8 | -1.198,4 | -1.647,7 | -1.553,2 | -1.530,6 | -1.475,3 | -1.445,1 | 30,2 | -2,0 |
| Заеми | 1.949,9 | 2.083,8 | 2.402,9 | 2.816,5 | 2.870,0 | 3.163,5 | 3.226,8 | 3.294,8 | 3.292,2 | 3.327,4 | 35,2 | 1,1 |
| Трговски кредити и аванси | 271,2 | 337,8 | 219,7 | 253,9 | 304,3 | 268,9 | 249,6 | 185,4 | 157,8 | 167,3 | 9,6 | 6,1 |
| Останати обврски | 118,2 | 152,2 | 39,6 | 20,7 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 10,3 | 0,0 | 0,0 |
| Специјални права на влечење | 8,2 | 8,2 | 75,5 | 77,7 | 75,5 | 75,0 | 73,0 | 71,5 | 69,9 | 69,9 | 0,0 | 0,0 |
| **Нето надворешен долг** | **911,68** | **1.218,94** | **1.149,66** | **1.115,92** | **1.299,06** | **1.376,68** | **1.542,05** | **1.481,60** | **1.511,64** | **1.645,59** | **133,9** | **8,9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906,33 | 1.055,84 | 1.067,80 | 1.417,44 | 1.543,87 | 1.645,19 | 1.636,98 | 1.586,40 | 1.564,96 | 1.581,87 | 16,9 | 1,1 |
| Централна банка | -1.352,39 | -1.358,07 | -1.406,42 | -1.724,09 | -1.819,58 | -1.880,89 | -1.773,77 | -1.775,48 | -1.729,46 | -1.662,26 | 67,2 | -3,9 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6,57 | -28,60 | 5,95 | -38,30 | 46,11 | 69,42 | 120,36 | 43,84 | 52,97 | 69,04 | 16,1 | 30,3 |
| Останати сектори | 814,91 | 906,77 | 892,98 | 980,29 | 1.018,07 | 1.006,54 | 984,31 | 1.007,45 | 984,23 | 976,66 | -7,6 | -0,8 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 549,40 | 643,00 | 589,36 | 480,59 | 510,58 | 536,41 | 574,16 | 619,38 | 638,94 | 680,27 | 41,3 | 6,5 |
| **Нето надворешен долг** | **911,68** | **1.218,94** | **1.149,66** | **1.115,92** | **1.299,06** | **1.376,68** | **1.542,05** | **1.481,60** | **1.511,64** | **1.645,59** | **133,9** | **8,9** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13,57** | **18,19** | **16,29** | **14,93** | **17,43** | **17,88** | **20,03** | **19,24** | **19,63** | **20,54** | | **0,9** |
| Долгорочен долг | 942,37 | 1.450,21 | 1.606,20 | 1.795,30 | 1.778,89 | 1.603,42 | 1.722,51 | 1.845,52 | 1.906,95 | 1.866,78 | -40,2 | -2,1 |
| Краткорочен долг | -30,70 | -231,27 | -456,54 | -679,37 | -479,83 | -226,74 | -180,46 | -363,92 | -395,30 | -221,19 | 174,1 | -44,0 |
| Долгорочен долг% | 103,37 | 118,97 | 139,71 | 160,88 | 136,94 | 116,47 | 111,70 | 124,56 | 126,15 | 113,44 | | -12,7 |
| Краткорочен долг% | -3,37 | -18,97 | -39,71 | -60,88 | -36,94 | -16,47 | -11,70 | -24,56 | -26,15 | -13,44 | | 12,7 |
| Долгорочен долг/БДП % | 14,02 | 21,64 | 22,76 | 24,02 | 23,87 | 20,82 | 22,37 | 23,97 | 24,76 | 23,30 | | -1,5 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0,46 | -3,45 | -6,47 | -9,09 | -6,44 | -2,94 | -2,34 | -4,73 | -5,13 | -2,76 | | 2,4 |
| **Јавен долг** | **-251,61** | **-104,95** | **-103,62** | **-20,61** | **62,37** | **158,16** | **266,06** | **294,91** | **325,76** | **422,42** | **96,7** | **29,7** |
| Држава | 906,33 | 1.055,84 | 1.067,80 | 1.417,44 | 1.543,87 | 1.645,19 | 1.636,98 | 1.586,40 | 1.564,96 | 1.581,87 | 16,9 | 1,1 |
| Централна банка | -1.352,39 | -1.358,07 | -1.406,42 | -1.724,09 | -1.819,58 | -1.880,89 | -1.773,77 | -1.775,48 | -1.729,46 | -1.662,26 | 67,2 | -3,9 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194,45 | 197,28 | 235,00 | 286,05 | 338,08 | 393,86 | 402,84 | 483,99 | 490,26 | 502,80 | 12,5 | 2,6 |
| **Приватен долг** | **1.163,29** | **1.323,89** | **1.253,28** | **1.136,53** | **1.236,68** | **1.218,52** | **1.275,99** | **1.186,69** | **1.185,89** | **1.223,18** | **37,3** | **3,1** |
| Јавен долг% | -27,60 | -8,61 | -9,01 | -1,85 | 4,80 | 11,49 | 17,25 | 19,90 | 21,55 | 25,67 | | 4,1 |
| Приватен долг% | 127,60 | 108,61 | 109,01 | 101,85 | 95,20 | 88,51 | 82,75 | 80,10 | 78,45 | 74,33 | | -4,1 |
| Јавен долг/БДП % | -3,74 | -1,57 | -1,47 | -0,28 | 0,84 | 2,05 | 3,46 | 3,83 | 4,23 | 5,27 | | 1,0 |
| Приватен долг/БДП % | 17,31 | 19,75 | 17,76 | 15,21 | 16,59 | 15,82 | 16,57 | 15,41 | 15,40 | 15,27 | | -0,1 |

Извор: НБРМ.

Напомена: Податоците за остварениот БДП за периодот до 2013 година се од кварталното соопштение на ДЗС од 14 март 2014 година.

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција**

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **Q1-2013** | **Q2-2013** | **Q3-2013** | **Q4-2013** | **Q1-2014** | **во мил. евра** | **во %/ п.п.** |
| **МИП-нето** | **-3.265,1** | **-3.612,5** | **-3.629,5** | **-3.965,8** | **-4.181,5** | **-4.305,1** | **-4.536,7** | **-4.491,1** | **-4.594,3** | **-4.758,9** | **-164,5** | **3,6** |
| Средства | 2.579,8 | 2.785,5 | 3.258,4 | 4.113,2 | 4.253,5 | 4.505,8 | 4.386,0 | 4.382,8 | 4.037,6 | 4.337,7 | 300,1 | 7,4 |
| Обврски | 5.844,9 | 6.398,0 | 6.887,9 | 8.079,0 | 8.435,1 | 8.810,8 | 8.922,7 | 8.873,9 | 8.631,9 | 9.096,5 | 464,6 | 5,4 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48,6** | **-53,9** | **-51,4** | **-53,1** | **-56,1** | **-55,9** | **-58,9** | **-58,3** | **-59,7** | **-59,4** | | 0,3 |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906,3 | -1.055,8 | -1.067,8 | -1.417,4 | -1.543,9 | -1.645,2 | -1.637,0 | -1.586,4 | -1.565,0 | -1.581,9 | **-16,9** | **1,1** |
| МИП, нето-централна банка | 1.486,9 | 1.526,7 | 1.638,8 | 1.991,8 | 2.095,8 | 2.154,4 | 1.975,2 | 1.991,5 | 1.920,4 | 1.868,1 | -52,3 | -2,7 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -400,3 | -361,5 | -434,2 | -456,9 | -536,6 | -559,7 | -610,0 | -533,4 | -541,7 | -557,5 | -15,9 | 2,9 |
| МИП, нето-останати сектори | -3.445,4 | -3.721,9 | -3.766,4 | -4.083,3 | -4.196,8 | -4.254,6 | -4.265,0 | -4.362,8 | -4.408,1 | -4.487,5 | -79,4 | 1,8 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2.907,9 | -3.074,7 | -3.181,3 | -3.520,8 | -3.613,3 | -3.694,0 | -3.735,7 | -3.819,7 | -3.901,7 | -4.002,3 | -100,6 | 2,6 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260,5 | -405,5 | -372,7 | -279,2 | -349,2 | -197,2 | -188,6 | -182,4 | -162,7 | -162,0 | 0,7 | -0,4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Валути и депозити, нето | 209,2 | 274,4 | 359,3 | 454,1 | 338,3 | 339,0 | 336,2 | 391,8 | 371,6 | 362,8 | -8,8 | -2,4 |
| Заеми, нето | -1.540,9 | -1.608,8 | -1.942,1 | -2.465,8 | -2.525,4 | -2.801,7 | -2.796,2 | -2.806,4 | -2.786,7 | -2.804,4 | -17,7 | 0,6 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170,5 | -229,1 | -130,8 | -144,8 | -148,7 | -104,6 | -116,4 | -64,7 | -34,6 | -20,4 | 14,3 | -41,2 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80,3 | -94,6 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Девизни резерви | 1.494,9 | 1.597,5 | 1.714,5 | 2.068,9 | 2.193,3 | 2.230,4 | 2.039,2 | 2.064,8 | 1.993,0 | 1.941,2 | -51,8 | -2,6 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | -9,2 | -71,7 | -76,4 | -78,3 | -76,7 | -76,9 | -75,4 | -74,4 | -73,2 | -73,7 | -0,5 | 0,7 |

Извор:НБРМ.

Напомена: Податоците за остварениот БДП за период до 2013 година се од кварталното соопштение на ДЗС од 14 март 2014 година.